Врз основа на член 26 став 5 од Законот за семејство (,,Службен весник на Република Македонија, бр.80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10 и 156/10),министерот за труд и социјална политика донесе

# П Р А В И Л Н И К

## За начинот и висината на трошоците за склучување на брак надвор од службени простории на Управата за водење на матични книги

### Член 1

Со овој Правилник се пропишува начинот и висината на трошоците за склучување на брак надвор од службените простории на Управата за водење на матичните книги, (во натамошниот текст: Управата)

### Член 2

За склучување на брак надвор од службените простории на Управата се поднесува барање до Директорот на Управата .

За склучување на брак надвор од службените простории на Управата се плаќа надоместок, освен во случаите од член 7 став 1 од овој правилник.

### Член 3

Висината на надоместокот за склучување на брак надвор од службените простории на Управата се одредува врз основа на просечната годишна бруто плата согласно податоци на Државниот завод за статистика за висината на просечната бруто плата на годишно ниво во Република Македонија, од претходната година, оддалеченоста на местото за склучување на бракот од службените простории на Управата и времето на склучување на брак.

### Член 4

За местата на склучување на брак оддалечени до десет километри од службените простории на Управата се плаќа 10% од висината на надоместокот од член 3 од овој правилник.

За местата на склучување на брак оддалечени над десет километри од службените простории на Управата се плаќа 20% од висината на надоместокот од член 3 од овој правилник

**Член 5**

Ако бракот се склучува во работен ден надвор од службените простории на Управата во периодот по 16,30 часот, надоместоците од член 4 од овој правилник се зголемуваат за 10%.

**Член 6**

Ако бракот се склучува во недела или во неработен ден надвор од службените простории на Управата, надоместоците од член 4 од овој правилник се зголемуваат за 100%.

**Член 7**

За склучување на брак надвор од службените простории поради здравствени причини, издржување на казна затвор или притвор, од страна на Директорот на Управата се дава одобрение врз основа на поднесена соодветна документација.

За склучување на брак надвор од службените простории на Управата од став 1 на овој член не се плаќа надоместок.

**Член 8**

Склучувањето на бракот го врши матичар од матично подрачје кој е месно надлежен за избраното место за склучување на брак надвор од службените простории на Управата.

**Член 9**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во ,,Службен весник на Република Македонија,,.

**МИНИСТЕР ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

**Џелал Бајрами**

________________________________